Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи ((„Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), член 37-и, 37-ј, 37-к, 37-л, 37-љ, 37-м и 37-њ од Закон за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) и член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20)

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ Бр. 04-121/5 15.06 2023 год. БИТОЛА

**ЈП „ПАЗАРИ" - БИТОЛА**

**објавува**

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2023**

**Работно место бр. 1** за вработување на неопределено работно време на **1 (еден) извршител** на работно место **„Чистач"** со шифра на работно место КДР 04 01 А03 008 група помошно технички персонал.

ОПШТИ УСЛОВИ

-да е државјанин на РСМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ

-со стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование
-со и без работно искуство

За работното место под реден бр.1 (еден) **„Чистач"** определено е работно време од 07:00 – 15:00 часот, 40 работни часа неделно, од понеделник до петок. Основна **нето плата изнесува** 20.511,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2023 се: 1(еден) извршител Македонец(ка).

Заинтересираните кандидати да ги достават следните докази за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или фотокопија заверена кај нотар:

-уверение за државјанство
-извод од матична книга на родени
-лекарско уверение за општа здравствена способност
-Диплома (свидетелство) за завршено образование
-уверение од Суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
-изјава под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека податоците наведени во Пријавата за огласот и доставените документи се веродостојни.
-Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈП „Пазари" - Битола

**Работно место бр. 2** за вработување на неопределено работно време на **1 (еден) извршител** на работно место **„Раководител на пазар (градски пазар)"** со шифра на работно место КДР 03 05 А03 021 група даватели на услуги.

ОПШТИ УСЛОВИ

-да е државјанин на РСМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ

-со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен
-најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку приложување на меѓународен признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори или уверение од меѓународна институција на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ ИЛИ Гете сертификат.

За работното место под реден бр.2 (два) **„Раководител на пазар (градски пазар)"** определено е работно време од 07:00 – 15:00 часот, 40 работни часа неделно, од понеделник до петок. Основна **нето плата изнесува** 29.603,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2023 се: 1(еден) извршител Македонец(ка).

Заинтересираните кандидати да ги достават следните докази за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или фотокопија заверена кај нотар:

-уверение за државјанство
-извод од матична книга на родени
-лекарско уверение за општа здравствена способност

-Диплома за завршено соодветно образование
-уверение од Суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
-изјава под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека податоците наведени во Пријавата за огласот и доставените документи се веродостојни.
-Потврда или сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
-Сертификат или уверение за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија
-Потврда за работно искуство
-Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈП „Пазари“ - Битола

**Работно место бр. 3** за вработување на неопределено работно време на **1 (еден) извршител** на работно место **„Референт - инкасант“** со шифра на работно место КДР 03 05 Б02 075 група даватели на услуги.

ОПШТИ УСЛОВИ

-да е државјанин на РСМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ

-со стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
-најмалку две години работно искуство во струката

За работното место под реден бр.3 (три) **„ Референт - инкасант“** определено е работно време од 07:00 – 15:00 часот, 40 работни часа неделно, од понеделник до петок. Основна **нето плата изнесува** 26.758,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.
-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2023 се: 1(еден) извршител Македонец(ка).

Заинтересираните кандидати да ги достават следните докази за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или фотокопија заверена кај нотар:
-уверение за државјанство
-извод од матична книга на родени
-лекарско уверение за општа здравствена способност
-Диплома за завршено соодветно образование
-уверение од Суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
-изјава под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека податоците наведени во Пријавата за огласот и доставените документи се веродостојни.
-Потврда за работно искуство
-Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈП „Пазари“ - Битола

Огласот се објавува заради зголемениот обем на работа на ЈП „Пазари“ - Битола.

Постапката за селекција за вработување во јавното претпријатие се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување, со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот за:
-за извршителските места под реден број 2 и 3 трае **15 (петнаесет) дена,**
-за извршителското место под реден број 1 огласот ќе трае **5 (пет) работни дена,** сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот, а за истото место ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи

Некомплетираните и ненавремени документи нема да се разгледуваат.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страницата на ЈП „Пазари“ - Битола https://jppazari.mk/ Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават во печатена форма во Архивата на ЈП „Пазари“ – Битола или по пошта на адреса: ЈП „Пазари“ – Битола, ул. Коле Неделковски бр. 1, 7000 Битола, со назнака „За јавен оглас 01/2023“.

**ЈП Пазари - Битола**
**ВД Директор**
**Никола Гацоски**